Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр.0202-976/13
24.12.2024 год.
Радовиш

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија (Сл. весник на РМ број 38/96 и 49/06), член 15 од Статутот на ЈП Плаваја - Радовиш, Управниот одбор на седницата одржана на ден 24.12.2024 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За измена и дополнување на Ценовникот на цени на услуги на ЈП Плаваја Радовиш под бр. 0202-669/6 од 27.08.2024 година**

## Член 1

Се врши дополнување на точката 1.3 со додавање на нова точка:

- т.1.3.4.2 „ **Доколку корисниците и по истекот на рокот не обезбедат потребната техничка документација ЈП Плаваја-Радовиш ќе им фактурира годишна такса од 2.000 ден. + ДДВ која ќе мора да се плати однапред за годината што следи, во спротивно ќе бидат исклучени од системот на користење на услуги и таксите кои ги имат претходно платено за приклучок ќе се поништат„**

## Член 2

Се врши изменување на точката 2.0 на тој начин што се менува насловот на подточката 2.1 на тој начин што ќе гласи :

**„ 2.1. Отпушување на канализационен приклучок и исцрпување на јама во сопственост на корисникот со цистерна Канал Џет„**

Се врши измена на точката 2.0. во подточката **1.1.7** на тој начин што ќе гласи : **„ исцрпување на септичка јама со цистерна Канал Џет од тура (3m$^3$): 2.000,оо ден.+ДДВ„**

Се врши дополнување на точката 2.0 со додавање на нови точки и тоа:

- **т. 1.1.8 „отпушување со цистерна – во износ од 50,оо ден/мин + ДДВ„ ,**
- **т.1.1.9 „ исцрпување на септичка јама со цистерна Канал Џет од тура m$^3$: 1.000,оо ден.+ДДВ„**
- **т.1.1.10 „ Перење на површини на физички лица со Канал Џет од тура : 1.500,оо ден.+ДДВ„**
- **т.1.1.11 „ Перење на површини на физички лица со Канал Џет од m$^2$ : 1 ден +ДДВ„**

- се врши дополнување на подточката 2.2. на тој начин што се додаваат нови подточки и тоа :

- **т.2.2.3 „Исцрпување на септичка јама од m$^3$: 1.500,оо ден + ДДВ„**
- **т.2.2.4 „ Перење на јавно прометни површини и површини на правни лица со Канал Џет од тура : 1.500,оо ден +ДДВ„**
- **т.2.2.5 „ Перење на јавно прометни површини и површини на правни лица со Канал Џет од m$^2$ : 1 ден. + ДДВ„**
- **т.2.2.6 „Одржување на јавни тоалети од интервенција – 1000,оо ден. + ДДВ„**

*** За услугите погоре наведени се наплаќа превоз во износ од 61,50 ден по изминат километар +ДДВ.**

## Член 3

Се врши измена на насловот на т.3.0 кој гласи :

**„ 3.0 Услуга од цистерна ФАП, Канал Џет и дезинфекција со натриум хипохлорид„**

Се менува цела точка 3.1. која гласи :

**„ 3.1. Цистерна ФАП со вода од градски водовод –**

**3.1.1 Една тура во градот 8 $m^3$: 3.000,оо ден +ДДВ,**
**3.1.2 Перење со ФАП цистерна на површини од тура со млазници напред на цистерната: 3.000,оо ден + ДДВ,**
**3.1.3 Перење со ФАП цистерна со млазници напред на цистерната од $m^2$ : 1,оо ден + ДДВ,**
**3.1.4 Натриума хипохлорид 1 кг (од тендерска цена) + 30% за работна рака + ДДВ,**
**3.1.5 Перење на бунари : 3.400,оо денари/ час + ДДВ,**
Се менува цела точка 3.2. која гласи :
**3.2. наводнување на зелени површини.**
**3.2.1 3.2.1 Наводнување на зелени површини со цистерна ФАП една тура во градот од $m^3$ : 3.000,оо денари +ДДВ,**
**3.2.2 Наводнување на зелени површини со цистерна Канал Цет една тура во градот од 3 $m^3$ : 1.500,оо ден + ДДВ,**
**3.2.3 Наводнување на зелени површини со цистерна ФАП во градот од $m^2$ :10,оо ден + ДДВ,**
**3.2.4 Наводнување на зелени површини со цистерна Канал Цет во градо од $m^2$ : 10,оо ден + ДДВ,**
**3.2.5 Испуштање на вода, чистење и перење со цистерна Канал Цет и полнење на фонтана (кружен тек на бул.А.Македонски, Рибичка и Шардаван) : 1.500,оо ден + ДДВ,**
**3.2.6 Чистење и перење на фонтани за пиење вода со цистерна Канал Цет ( парк кај Згин, пред општина Радовиш, детски парк во трета МЗ, парк Марди, парк на младите, Стоковна куќа, парк Јавор, парк кај зграда 6ти Ноември) : 500,оо ден + ДДВ.**

**Член 4**

Се врши дополнување на точката 4.0 со додавање на нови точки и тоа:

- **4.14-а Услуга со трактор со циклон за фрлање на песок и сол за зимско одржување од тура: 3.000,оо ден + ДДВ,**
- **4.14 –б Услуга со трактор ЛОВОЛ со даска за чистење снег со циклон за фрлање на песок и сол за зимско одрќување од 1 час : 3.000,оо ден + ДДВ,**
- **4.14-в Услуга со мал багер по 1 час : 2.500,оо ден + ДДВ,**
- **4.15- г Услуга со скип и плуг за расчистување на снег за зимско одржување по 1 час : 3.000,оо ден. + ДДВ**

**Член 5**

Се врши измена на точка 5.16 која гласи:
**-„ асфалтирање на прокоп со ладен асфалт д-10см - $m^2$ -2.000,оо ден + ДДВ,,**
Се врши измена на точка 5.26 која гласи:
**-„ Изведба на армирана бетонска плоча – $m^3$ -8.000,оо ден + ДДВ,,**
Се врши измена на точка 5.28 која гласи:
**-„ Вградување на лиено железен фиксен со кружен отвор Ф-600мм поставен на претходно изведена А:Б плоча, според стандард МКС ЕН 124-2 од 80 кг за носивост од 400KN(RP213) или еквивалентно на тендерска цена + 35% работна рака -парче – цена од јавна набавка +35% работна рака + ДДВ,,**
Се врши измена на точка 5.43 која гласи:
**-„ Изработка на бетонски шахти за канализација до 2m – 20.000,оо ден/број + ДДВ,,**
Се врши дополнување на точка 5.43 која гласи:
**-т. 5.43-а„ Изработка на бетонски шахти за канализација до 2-4 m – 30.000,оо ден/број + ДДВ,,**
Се врши дополнување на точка 5.0 со додавање на нова точка и тоа:

**-т.5.49 „ Поправка на нова урбана опрема –цена на материјал од јавна набавка + 265 ден. работен час + ДДВ„**

**Член 6**

Се врши измена на точка 7.1.2 која гласи:
**-„ Камион 5 $m^3$ -750,оо ден + ДДВ„**
Се врши дополнување на точката 7.1 со додавање на нова точка и тоа:
**-т.7.1.3 „ Депонирање од $m^3$ -150,оо ден + ДДВ „**
Се врши измена на точка 7.4.2 која гласи:
**-„ Камион 5 $m^3$ -750,оо ден + ДДВ„**
Се врши дополнување на точката 7.4. со додавање на нова точка и тоа:
**-т.7.4.3 „ Депонирање од $m^3$ -150,оо ден + ДДВ „**

**Член 7**

Се врши измена на точка 9.2 која гласи:
**-„ Влез за оператор, односно погреб : 1.500,оо ден + ДДВ.**
Се врши измена измена на точка 9.3 која гласи:
**-„ Влез за каменорезачи од изработен споменик од час 300,оо ден + ДДВ.**
Се врши измена измена на точка 9.6 која гласи:
**-„ Гробна јама за семејна гробница (јама до постоечка јама од починато лице од исто семејство) – 9.000,оо ден + ДДВ.**
Се врши дополнување на точка 9.0 со додавање на нови точки и тоа :
**- т.9.7 „ Старо гробно место со внесување на нов корисник : 1.000,оо ден + ДДВ„**
**- т.9.8 „ Издавање на одобрение за погреб: 200,оо ден + ДДВ„**

**Член 8**

Се врши измена на точка 10.29 која гласи:
**-„ варосување на дрвца : бр. 1 - 50,оо ден + ДДВ.**
Се врши измена измена на точка 10.30 која гласи:
**-„ Гребулење и отстранување на искосена трева $m^2$ -1,5,оо ден + ДДВ.**
Се врши измена измена на точка 10.31 која гласи:
**-„ косење со грбна моторна косачка – $m^2$ -7,оо ден + ДДВ.**
Се врши измена измена на точка 10.32 која гласи:
**-„ косење со моторна косачка на туркање – $m^2$ -8,оо ден + ДДВ.**
Се врши дополнување на точка 10 со додавање на нови точки и тоа :
**- т.10.57 „ Рачно метење на јавни површини : $m^2$ -0,75,оо ден + ДДВ„**
**- т.10.58 „ Машинско метење на јавни површини : $m^2$ -1,оо ден + ДДВ„**
**- т.10.59 „ Машинско чистење на јавни површини со дувалки : $m^2$ -1.5,оо ден + ДДВ„**

**Член 9**

Во останатиот дел ценовникот на цени на услуги на ЈП Плаваја Радовиш останува непроменет.

**Член 10**

Одлуката стапува во сила по усвојувањето од страна на Советот на општина Радовиш, а со денот на објавувањето на истата во Службен гласник на општина Радовиш.

**Образложение**

Согласно појавените потреби за измена и дополнување на ценовникот на цени на услуги на ЈП Плаваја Радовиш ш Управниот Одбор на ЈП Плаваја Радовиш одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Оваа Одлука да се достави до Советот на Општина Радовиш на усвојување.

ЈП Плаваја – Радовиш
Управен одбор
Претседател

______________________

Наце Димитријев

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш

| Примено: 10.02.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Предлог | Вредност |
| 0201 | 1381/1 | | |

324

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на LXII седница одржана на 31.01.2025 година, донесе

# ОДЛУКА
## за давање Согласност на одлуката донесена од Управен одбор на ЈП „Плаваја" Радовиш за измена и дополнување на Ценовникот на цени на услуги на ЈП „Плаваја" Радовиш под бр.0202-669/6 од 27.08.2024 година

I. Се дава согласност на одлуката донесена од Управен одбор на ЈП „Плаваја" Радовиш за измена и дополнување на Ценовникот на цени на услуги на ЈП „Плаваја" Радовиш под бр.0202-669/6 од 27.08.2024 година, наш бр.08-43/123 од 25.12.2024 година.

II. Составен дел на оваа Одлука е одлуката за измена и дополнување на Ценовникот на цени на услуги на ЈП „Плаваја" Радовиш под бр.0202-669/6 од 27.08.2024 година, бр.0202-976/13 од 24.12.2024 година.

III. Одлуката влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-174/1
Дата 31.01.2025 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Страхил Гавритов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „СОВЕТ НА ОПШТИНАТА" ОПШТИНА РАДОВИШ

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш

| Примено: | 10.02 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Предлог | Вредност |
| 0201 | 158/2 | | |


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

**РЕШЕНИЕ**

за прогласување и објавување
на Одлука за давање Согласност на одлуката донесена од Управен одбор на ЈП „Плаваја" Радовиш за измена и дополнување на Ценовникот на цени на услуги на ЈП „Плаваја" Радовиш под бр.0202-669/6 од 27.08.2024 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за давање Согласност на Одлука донесена од Управен одбор на ЈП „Плаваја" Радовиш за измена и дополнување на Ценовникот на цени на услуги на ЈП „Плаваја" Радовиш под бр.0202-669/6 од 27.08.2024 година бр.08-174/1

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 31.01.2025 година.

Број 09-174/2
Дата 31.01.2025 година
Радовиш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Ацо Ристов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „ГРАДОНАЧАЛНИК" ОПШТИНА РАДОВИШ